Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-23/2
03-02-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-407 од 24.11.2021 година, поднесена од [redacted] од с. Црнилиште, против поранешниот Градоначалник на Општина Долнени [redacted], за извршена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на 03.02.2022 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на политичко уверување во областа на работа и работни односи од страна на поранешниот Градоначалник на Општина Долнени врз [redacted].

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 0801-407 од 24.11.2021 година, од подносителот [redacted] за сторена дискриминација по основ на политичко уверување во областа на работа и работни односи од поранешниот Градоначалник на Општина Долнени.

Подносителот на претставката е вработен во Општина Долнени на работно место советник преведувач од албански на македонски и од македонски на албански јазик.
Согласно наводите од претставката, подносителот тврди дека во континуитет бил вознемируван, трпел притисоци и бил ставан во нееднаква положба во однос на останатите колеги од страна на тогашниот Градоначалник на Општината во која бил вработен.
Во претставката е наведено дека подносителот, за разлика од останатите колеги од општинската администрација, бил распореден секојдневно да ги извршува работните задачи со физичко присуство, во периодот кога на сила беа владините мерки за рестриктивно работење во државните органи. Заради превенирање на опасност по неговото и здравјето на неговото семејство, подносителот поднел приговор до работодавниот орган, на кој не добил одговор неколку месеци. Писмен одговор на приговорот од Градоначалникот [redacted], подносителот добил дури по пет месеци, односно по престанокот на вонредната состојба. Во наведениот период, подносителот на

претставката непрекинато ги иврошувал работните задачи со физичко присуство, почитувајќи ја наредбата на Градоначалникот.

Заради потребите на постапката Комисијата побара од Општина Долнени евиденција на вработените државни службеници кои во периодот на вонредната состојба во државата, ги извршувале работните задачи со физичко присуство. Во одговор на барањето Општината наведе дека распоредот за извршување на работните задачи не е документ од трајна вредност и дека таквите распореди не ги чуваат, туку уништуваат. Од тие причини истите не ги достави до Комисијата. Од друга страна, подносителот на претставката во прилог на претставката достави неделен распоред на вработени за периодот од 07.12.2020 до 11.12.2020 година. За наведениот период подносителот бил распореден секој ден да ги извршува работните задачи со физичко присуство, додека присуството на останатите државни службеници било организирано по принцип на ротација.

Работодавниот орган бил должен работата да ја организира во согласност со член 3 став 14 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 донесена на 03.11.2020 година од Владата на РСМ.

Според наводите од претставката, некоректното однесување од страна на Градоначалникот кон подносителот, кулминирало на ден 01.11.2021 година, по завршување на локалните избори, кога тој и неговиот колега [redacted] претрпеле вербален напад. Пред зградата на Општина Долнени, која се наоѓа во населеното место Ропотово, Градоначалникот со вулгарен речник, на хистеричен и деградирачки начин им се обратил на двајцата вработени. Градоначалникот непосредно по завршување на локалните избори, настојувал физички да го нападне подносителот на претставката, со цел да го попречи неговото евидентирање во списокот за присутност на вработените. И покрај тоа, подносителот на претставката го евидентирал своето присуство во списокот, по што Градоначалникот го искинал, за потоа да состави нов список, не наведувајќи ги подносителот на претставката и неговиот колега Кемал Ибраимовски.

На ден 02.11.2021 година Градоначалникот [redacted] донел Решение за извршување на работните задачи во просториите во општинската зграда во Долнени. Со Решението на вработениот [redacted] му се наложува работните обврски да ги извршува во општинската зграда во Долнени, на 9 километри оддалеченост од подрачната општинска зграда во Ропотово, каде дотогаш работел. Имено, целата општинска администрација работи во зградата во Ропотово, и покрај тоа што формалното седиште на Општина Долнени се наоѓа во Долнени. Во претставката се истакнати и формалните недостатоци на споменатото Решение, со што на подносителот му е ускратено правото на правна заштита.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 29.11.2021 година испрати Известување бр. 0801-407/2 за произнесување по наводите од претставката до Општина Долнени.

На 20.12.2021 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Општина Долнени како одговор на претставката. Во одговорот се негира дискриминаторски однос од Градоначалникот кон подносителот на претставката.
Во однос на работењето на општинската администрација во периодот на рестриктивните мерки, Општината наведува дека подносителот бил задолжен работните обврски да ги извршува со физичко присуство, од интерес на тековните работи на општината и заради природата на неговата работа. Во одговорот се наведува дека кон крајот на календарската година, обемот на работа на општината е зголемен, од причина што носи повеќе документи, за чиј што превод било потребно подносителот како преведувач да е присутен во општината.

Согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа на РСМ, седиштето на Општината е во н.м Долнени, иако општинската администрација работата ја извршува од подрачните канцеларии во н.м Ропотово. Во поглед на прераспределба на вработениот [redacted] во одговорот на претставката е наведено дека причина за таквото прераспределување се потребите на населението во н.м Долнени. Општина Долнени тврди дека при зголемен обем на работа во делови од Општината, вработените на одреден временски период, може да бидат распределени во други подрачни канцеларии на Општината, при што не е ни потребно за таквото распределување да им биде издадено Решение.

На претходно барање од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Општина Долнени во прилог достави листа на вработени кои работните задачи ги извршуваат во општинската зграда во н.м Долнени, односно се работи за двајца вработени, од кои едниот е административен службеник, додека другата вработена е хигиеничарка.

Земајќи ги предвид општите превентивни препораки од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 на Владата на РСМ, текот и принципот на одвивање на работниот процес да се организира преку работа во смени или од далечина (дома), како и природата на работните задачи на подносителот на претставката, се констатира дека тврдењата изнезени во одговорот на претставката не го оправдуваат различниот третман кон подносителот на претставката, од причина што тој не извршува физичка работа, за неговото присуство во Општината да било од пресудно значење за тековното работење на Општината во конкретниот период.

Решението за извршување на работните задачи во просториите во општинската зграда во Долнени донесено од Градоначалникот на Општина Долнени, [redacted], не содржи образложение, ниту правна поука, како задолжнителни елементи на писмен управен акт. Следствено, конкретното Решение е донесено во спротивност со член 88 од Законот за општа управна постапка. Согласно член 104 од Законот за општа управна постапка, на странката и е загарантирано правото на правна заштита против секое управно дејствие. Со тоа што во спорното Решение не е дадена правна поука, на подносителот на претставката му е ускратено правото на правна заштита.
Согласно член 125 став 3 од Законот за општа управна постапка, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација увидувајќи дека Решението со број 09 – 1530/1 од 02.11.2021 година не ги содржи задолжителните елементи на управен акт, должен е за тоа да го извести органот кој го донел управниот акт, Општината Долнени, како и Државниот управен инспекторат.

Од одговорот на претставката произлегува контрадикторност во тврдењата на Општина Долнени. Од една страна се наведува дека Општината има континуирана потреба од преведувач во општинската зграда во н.м Ропотово, каде се носат актите на Општината, а од друга страна го распределуваат преведувачот, односно подносителот на претставката во н.м Долнени каде работат само двајца вработени.
Дополнително, на подносителот му е оневозможено непреченото извршување на работните задачи од причина што е преместен во општинска подрчна канцеларија на оддалеченост од 9 километри од централната општинска зграда, каде до донесување на Решението ги извшувал работните задачи, во што се огледа тенденциозното постапување со вработениот од страна на Општината.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно своите законски надлежности, имајќи ги предвид фактите на случајот и приложената документација, одлучи како во диспозитивот, констатирајќи дека е исполнета законската дефиниција за вознемирување од член 10 став 1 на Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. “*
Согласно член 27 став 2, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја издава оваа препорака:

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

# ПРЕПОРАКА

Се препорачува на Општина Долнени во насока на отстранување на повредите од стореното вознемирување, во рок од 30 дена да му овозможи на [redacted] работните задачи да ги извршува во општинската подрачна канцеларија во н.м Ропотово, каде пред донесување на спорното Решение ги извршувал и за тоа писмено да ја извести Комисијата.

Доколку Општина Долнени не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
03.02.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Скопје

Доставено до:

[redacted]
Општина Долнени со адреса на ул. „7504“, с. Долнени

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk